Уп. бр.08-63

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КАРИАД Естонија АС Естонија, со регистрирано седиште на Лутса 1а, 11415 Талин, Естонија, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 04.05.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која КАРИАД Естонија АС Естонија, со регистрирано седиште на Лутса 1а, 11415 Талин, Естонија ќе стекне самостојна контрола над Шангај Мучуан Индустријал Дизајн Ко., Лтд. со регистрирано седиште на Ј37, Соба 108, 1Ф, Зграда 1, Бр. 6988, Џиасонг Норт Роуд, Антинг Таун, Шангај, Народна Република Кина, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 07.04.2023 година а дополнето на 10.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на КАРИАД Естонија АС Естонија, со регистрирано седиште на Лутса 1а, 11415 Талин, Естонија, со која КАРИАД Естонија АС Естонија, ќе стекне самостојна контрола над Шангај Мучуан Индустријал Дизајн Ко., Лтд. со регистрирано седиште на Ј37, Соба 108, 1Ф, Зграда 1, Бр. 6988, Џиасонг Норт Роуд, Антинг Таун, Шангај, Народна Република Кина.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

КАРИАД Естонија АС е друштво во целосна сопственост на КАРИАД СЕ (CARIAD SE) кое е пак друштво во целосна сопсвеност на Фолксваген Акциегезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft), акционерско друштво, основано и постоечко согласно со законите на Федерална Република Германија, со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија. Фолксваген Акциегезелшафт е владејачко друштво на Фолксваген групацијата.

КАРИАД е глобално друштво за автомобилски софтвер и технологија. Основано во 2020 година, КАРИАД има околу 5.000 развојни инженери и дизајнери низ светот, кои работат на единствен софтвер и технолошка платформа за сите брендови на Фолксваген групацијата. Ова вклучува и единствен оперативен систем, единствена Е/Е архитектура и автомобилски клауд систем. КАРИАД развива и дигитални карактеристики за возила: системи за помош при возење, високо автоматизирани возачки карактеристики и единствена платформа за инфозабава, вклучувајќи и продавница за апликации од трети лица.

Фолксваген групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (*coaches*), шасии за автобуси и дизел мотори. Фолксваген групацијата опфаѓа разни брендови, вклучувајќи ги Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршал (Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati).

Активностите на Фолксваген групацијата вклучуваат и возила на електрични батерии и хибридни електричнии возила. Има развиено сопствена платформа исклучиво за возење на електрични возила – алатката Модуларно електронско возење (Modular Electric Drive Toolkit (MEB)). Моментално достапните електрична возила вклучуваат „e-up", „ E-Golf", ID.3, ID.4, ID.5, ID. Buzz и e-tron. Неодамна, Фолксваген групацијата го има основано и брендот МОИА (MOIA), активно во развојот и нудењето на решенија за мобилни услуги како што се возила на повик (ride hailing) и споделување на возила (ride sharing). Фолксваген групацијата е активно и во обласата на услуги на автомобили поврзани на интернет, вклучувајќи поддршка за споделување на автомобили и услуги и управување со возен парк. Дополнително, Фолксваген групацијата е деловно активна во секторот за автомобилски софтвер, претежно (но не исклучиво) преку КАРИАД.

Дополнително, Фолксваген групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување и финансирање на патнички и комерцијални возила, претежно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG) и неговите зависни друштва.

Фолксваген групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

- Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Бул, Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје;
- Порше Брокер АД Скопје, со седиште на адреса Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје;
- Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден, со седиште на адреса ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје; и
- Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје.

Деловните активности на овие друштва во Северна Македонија претежно се трговијата со моторни возила и финансискиот лизинг.

Шангај Мучуан Индустријал Дизајн Ко., Лтд. Е основано во април 2021 година во Шангај, Кина, кое специјализира во дизајн на услуги и искуства на корисници. Шангај Мучуан Индустријал Дизајн Ко., Лтд. опслужува разновидни клиенти кои се активни во секторите за автомобили, малопродажба, fintech, храна и пијалоци и многу други сектори.

Во рамките на автомобилскиот сектор, Шангај Мучуан Индустријал Дизајн Ко., Лтд. претежно обезбедува услуги за дизајнирање на човечки интерфејс и одредени комплементарни услуги (на пр. дизајн на апликации за мобилен и дизајн на услуги поврзани со 4S продавници) за производители на оригинална опрема за автомобили. Во Кина, многу познати автомобилски брендови се негови клиенти.

Шангај Мучуан Индустријал Дизајн Ко., Лтд. не е и нема да биде активно во Северна Македонија и не остварува приходи на пазарот во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**